## XI СТУДЕНТСКИ КОНГРЕС ПО ЧИСТА И ПРИМЕНЕТА ХЕМИЈА НА СХТМ

Во организација на Сојузот на хемичарите и технолозите на Македнија од 24 до 25 септември 2015 година, во Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет беше одржан XI Студентски конгрес по чиста и применета хемија на СХТМ. Конгресот беше со меѓународно учество и официјален јазик беше англиски.

Отворањето на Конгресот беше модерирано од проф. д-р Марина Стефова, која беше претседател на Научниот одбор, и од проф. д-р Зоран Здравковски како секретар на СХТМ. На отворањето присуствуваа и проректорот за наука на УКИМ, проф. д-р Владимир Петрушевски, и деканот на ПМФ, проф. д-р Ицко Ѓоргоски. Специјални гости на отворањето беа претставниците на Johnson Matthey, предводени од генералниот менаџер г-дин Џатин Такрар, кои се верни поддржувачи на младите хемичари на Институтот за хемија и на СХТМ. Свој придонес за реализација на Конгресот имаа и компаниите Фармахем и Виталија.

На XI студентски конгрес по чиста и применета хемија на СХТМ беа пријавени вкупно 40 научни трудови, од кои 4 како пленарни предавања и 36 усни презентации. Со презентациите, во поголем број магистерски и дипломски трудови на студентите беа опфатени подрачја на истражувања од хемијата и технологијата со примена на современи методи и техники.

Предавањата опфаќаа голем број на научни области: аналитичка хемија (4), биотехнологија и технологија на храна (2), хемиско инженерство (2), електрохемија (1), образование (1), околина (5), горива и енергија (1), неорганска хемија и технологија (1), наука за материјали (8), металургија (1), органска хемија и технологија (5), физичка хемија (2), полимери (1), спектроскопија и структурна хемија (2).

Како пленарни предавачи учествуваа: Милена Попова (Институт за органска хемија, Бугарска академија на науките), Елена Величковска и Александра Бужаровска (Технолошко-металуршки факултет, УКИМ) и Ѓорѓи Петрушевски (Алкалоид АД Скопје).

Студентите кои презентираа на Конгресот беа студенти на I, II и III циклус на студиските групи на Технолошко-металуршкиот факултет и на Институтот за хемија на Природно-математичкиот факултет.

Со организацијата на Конгресот продолжи традицијата на воведување и промовирање на научноистражувачката работа на студентите преку презентирање на резултатите од нивните истражувања и учество во дискусиите и дружењата.

За успешна реализација на Конгресот голем придонес имаа сите членови на Организациониот одбор (Јасмина Петреска Станоева, Катерина Бачева Андоновска, Марина Стојановска и Катерина Атковска) и Научниот одбор (Марина Стефова, Александра Бужаровска и Јане Богданов). Посебен придонес за успешна реализација на Конгресот имаа и членовите на Клубот на студенти хемичари при СХТМ (Бранко Велевски, Елена Илиева, Елисавета Николоска, Емилија Јанкуловска, Зорица Георгиева, Ивона Аврамоска, Катерина Кузманоска, Митко Стефановски, Наташа Дупкарова, Стефан Јованов и Пеце Шеровски).

Јасмина Петреска Станоева

Марина Стефова

Институт за хемија, Природно-математички факултет

Скопје, Македонија